Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18), Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### Член 2

Право на апликација на научно-истражувачки проекти имаат лица избрани во наставно-научни и научни звања, вработени на Факултетот.

Во проектите можат да се вклучат и лица избрани во наставно-научни и научни звања, како и истакнати стручњаци од соодветните области од странски високообразовни, научноистражувачки установи и центри (во понатамошниот текст: установи), со цел интернационализација на проектите.

### Член 3

Средствата од член 1 се за поттикнување и помагање на научно-истражувачката дејност на Факултетот.

Висината на средствата на годишно ниво изнесува до 1. 200. 000 денари, кои опфаќаат дел од програмата на задолжителните 40 % од финансиите добиени од партиципациите на студентите согласно со членот 125 од Законот за високото образование, како и од приходите кои Факултетот ги добива по основ на самофинансирање.

Средствата од ставот 2 на овој член се наменети за научноистражувачки проекти и се третираат како фонд за научноистражувачка работа на Факултетот.

Висината на одобрените финансиски средства за финансирање на еден научноистражувачки проект не може да изнесува повеќе од 300.000 денари годишно.

Научноистражувачкиот проект може да трае најмногу до 2 (две) години.

Годишниот буџет на научно-истражувачкиот проект се распоредува соодветно на предложениот финансиски план во предлог-проектот согласно со членот 12 од овој Правилник.

### Член 4

Средствата за реализација на проекти се доделуваат за финансирање на научноистражувачки проекти на Факултетот и тие се третираат како интерни домашни проекти на Факултетот.

Меѓународни проекти во смисла на овој Правилник се оние проекти што се кофинансирани од странска партнерска установа која учествува со дополнителни средства во висина од минимум 50 % од вкупниот одобрен буџет на проектот од страна на Факултетот, се заверени во архивата на установата – странски партнер и се потпишани од раководното лице на установата.

### Член 5

Кога Факултетот е единствен носител на предложениот проект, не смеат да се користат средства од други извори на финансирање.

Раководителот на проектот доставува изјава со која потврдува дека предложениот проект не користи средства од други извори на финансирање.

**Член 6**

По исклучок на ставот 1 од членот 5, кофинансирање е можно во случај на проекти од интернационален карактер (меѓународни проекти со кофинансирање согласно со членот 4 од овој Правилник) и кога во проектот еден од партнерите е субјект од стопанството.

Во овој случај, финансиските средства доделени од Факултетот за проектот се единствено за потребите за реализација на проектните активности на истражувачкиот тим вработени на Факултетот, како и за подобрување на неговите инфраструктурни капацитети, а авторските права по завршувањето на проектот припаѓаат единствено на Факултетот.

## II. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ПРОЕКТИ

**Член 7**

Постапката за доделување на средства за реализација на научноистражувачки проекти започнува со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Со одлуката се формира конкурсна комисија составена од 5 члена, и тоа:

– еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на базичните дисциплини;
– еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на базичните дисциплини, специфични во ветеринарната медицина;
– еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на клиничките дисциплини;
– еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на дисциплините поврзани со продукција на животни;
– еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на дисциплините поврзани со безбедност и квалитет на храна.

Член на конкурсна комисија не може истовремено да учествува на конкурсот како раководител носител на научноистражувачкиот проект.

Конкурсната комисија објавува интерен конкурс за доделување на средства за реализација на научноистражувачки проекти, кој задолжително се објавува на огласната табла и на интернет-страницата на Факултетот.

Конкурсот трае 30 дена од денот на објавувањето.

Во конкурсот се наведуваат постапката, критериумите и висината на финансиските средства за проектите.

**Член 8**

Раководителот носител на научноистражувачкиот проект конкурира за добивање средства за реализација на проектот со доставување на пријава преку архивата на Факултетот.

Апликации за финансирање на научноистражувачки проект можат да поднесат само вработени на Факултетот кои го исполнуваат условот за раководител на научноистражувачки проект.

Раководител на научноистражувачки проект може да биде само вработен на Факултетот, избран во наставно-научно или научно звање и кој во последните пет години има објавено како автор или коавтор најмалку три научни труда во списанија со фактор на влијание или пет рецензирани научни труда во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови во Scopus или Web of Science (SCI - Science Citation Index).

Научноистражувачки работник може да биде раководител на еден научноистражувачки проект.

Раководителот носител на научноистражувачки проект конкурира за добивање средства за реализација на проектот со пополнување на пријава на македонски јазик, потпишана од раководителот носител на проектот, како и од останатите учесници во проектот, односно други установи во проектот (при кофинансирање на проекти), потпишана и заверена од одговорното лице на Факултетот.

По исклучок од став 4 од овој член, во случај на меѓународни проекти, пријавата се пополнува и на англиски јазик.

Кон пријавата од став 1 на овој член се приложува предлог-проектот, а за меѓународните проекти, како и кога во проектот еден од партнерите е субјект од стопанството, се поднесува и соодветната документација за соработка помеѓу носителот на предлог-проектот и партнерот од член 4 и член 6 на овој Правилник.

**Член 9**

Предлог за научноистражувачки проект може да се поднесува од сите научни полиња и области кои се застапени во рамките на научноистражувачкиот процес на Факултетот.

Поднесувањето на предлогот за научноистражувачки проект до Факултетот се доставува на посебен формулар кој е составен дел на овој Правилник, изработен во Анекс 1.

**Член 10**

Основни елементи на предлог-проектот се:

- наслов на предлог-проектот;
- краток опис на предлог-проектот, методологија на истражување, план, цели и очекувани резултати на предлог-проектот;
- главен истражувач, односно раководител носител на предлог-проектот;
- научно подрачје, поле и област на предлог-проектот;
- вид на истражувањето (фундаментално, развојно, применето);
- траење на предлог-проектот;
- финансиска конструкција на чинење на предлог-проектот;
- адреса (институт/катедра/центар) на носителот на предлог-проектот;
- место и датум на поднесување на пријавата;
- други установи учесници во истражувањето (за проекти со кофинансирање).

За проектите со кофинансирање, согласно со членот 4 и членот 6 од овој Правилник, покрај наведените основни елементи од овој член, потребно е да се приложи одлука од наставно-научниот совет или управата на соодветната установа за интересот за учество во научноистражувачкиот проект.

**Член 11**

Бројот на научноистражувачките работници кои се составен дел на истражувачкиот тим на проектот не може да биде помал од 5 (пет) учесници од Факултетот.

Во реализација на проектот учествуваат:

- главен истражувач со наставно-научно звање, односно научно звање кој е вработен на Факултетот и кој е носител на проектот;
- најмалку еден истражувач/соработник во проектот со наставно-научно звање, односно научно звање кој е вработен на Факултетот;
- најмалку двајца млади истражувачи во проектот, со или без соработничко звање, вработени на Факултетот;
- најмалку еден студент запишан и на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот со освоени најмалку 180 кредити или студент на трет циклус студии запишан на студиските програми на Факултетот.

Во реализација на проектот можат да бидат вклучени и:

- помошно-технички персонал, лаборанти и сл.;
- административен персонал.

Во истражувачкиот тим можат да бидат вклучени научноистражувачки работници од други истражувачки единици надвор од Факултетот (од земјата и од странство), при што нивниот број не може да биде поголем од 2 (двајца) истражувачи.

**Член 12**

Финансиската конструкција на проектот ја сочинуваат трошоците за:

- материјали (хемикалии, реагенси, китови и др.) и ситен лабораториски инвентар до 40 % од буџетот на проектот;
- набавка на опрема до 60 % од буџетот на проектот;
- патни и дневни трошоци во земјата до 30 % од буџетот на проектот;
- патни и дневни трошоци во странство до 20 % (за меѓународни проекти со

кофинансирање согласно со членот 4 и членот 6 од овој Правилник) од буџетот на проектот;
– договорни услуги до 30 % од буџетот на проектот;
– набавка на литература до 10 % од буџетот на проектот.

Финансиските средства од ставот 1 на овој член се единствено за потребите и за истражувачкиот тим од вработените на Факултетот.

Раководителот носител на проект потпишува изјава за наменско трошење на средствата согласно со предвидениот финансов план во предлог-проектот.

**Член 13**

Предлог-проектите се рецензираат од страна на три рецензенти, избрани од Наставно-научниот совет на Факултетот.

Рецензентите се од иста или сродна научна област од областа на истражување на предлог-проектите.

Соодветноста и сродноста од став 2 на овој член се утврдуваат од Наставно-научниот совет.

Рецензент на проект не смее истовремено да биде лице кое е дел од истражувачкиот тим на проектот.

**Член 14**

Рецензентите ги оценуваат предлог-проектите врз основа на следниве критериуми:
– придонесот во продлабочувањето и проширувањето на научните знаења;
– оригиналноста на целите и содржината на истражувањето;
– компетентноста на главниот истражувач;
– компетентноста на истражувачкиот тим;
– вклученоста и придонесот во оспособувањето на млади истражувачи;
– релевантноста на проектот во однос на утврдените цели;
– исполнетоста на материјално-техничките и други услови за реализација на проектот;
– релевантноста и конкурентноста на проектот за меѓународна соработка;
– остварливоста на предлог-проектот (финансиска конструкција, можности за примена на резултатите и сл.);
– реалноста на планираното време за реализација на проектот.

Секој од наведените елементи од став 1 на овој член за оценување, независните рецензенти ги вреднуваат со оценка од еден (1) до пет (5). Проектот е позитивно оценет доколку добил средна оценка најмалку три запирка пет (3,5).

**Член 15**

Рецензентите поднесуваат реферат во писмена форма на македонски јазик во рок од 30 дена од денот на доставувањето на предлог-проектот.

Рефератот содржи предлог со средна оценка за избор на проектот или предлог со средна оценка да не се избере проектот.

Доколку рецензентите не поднесат реферат во рокот утврден во став 1 на овој член, Наставно-научниот совет избира нови рецензенти со променет состав.

Доколку еден рецензент не го потпише рефератот или не даде издвоено мислење, не може да биде избран за рецензент на проекти во наредните 3 години.

**Член 16**

Рефератот во писмена форма се доставува до конкурсната комисија, која, согласно со оценките на рецензентите, прави ранг-листа на позитивно оценетите проекти и неа, заедно со рефератот, ја доставува до Наставно-научниот совет на првата наредна седница.

Конечната одлука за бројот на прифатени проекти ја носи Наставно-научниот совет, согласно со висината на средствата наведени во членот 3 од овој Правилник, со која се утврдува начинот на користење на средствата како основен елемент за оправдување на искористените средства.

Доколку повеќето прифатени проекти од ранг-листата имаат иста средна оценка, конкурсната комисија доставува предлог до Наставно-научниот совет за рамномерна распределба на проектите по наставни дисциплини, и тоа:
– еден проект од базичните наставни дисциплини;

- еден проект од претклиничките наставни дисциплини;
- еден проект од клиничките наставни дисциплини;
- еден проект од дисциплините за безбедност и квалитет на храна.

Предност ќе имаат проектите во кои главниот истражувач носител на проектот има поголем број на реализирани проекти и поголем број на објавени трудови со фактор на влијание од базата на Web of Science во последните 5 години.

Раководителот на прифатениот проект потпишува договор со Факултетот за регулирање на правата и обврските за негова реализација.

## III. ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ПРОЕКТОТ

**Член 17**

Во текот на реализацијата на проектот, раководителот носител на проектот е должен да достави годишен извештај за реализацијата на проектот и завршен извештај до Наставно-научниот совет на Факултетот.

Извештаите од ставот 1 на овој член содржат информации за текот на проектните активности и информации поврзани со финансирањето на проектот, а обрасците се Анекс 2 од овој Правилник.

Негативно оценет годишен извештај повлекува прекинување на проектот.

Завршниот извештај се доставува од страна на раководителот носител на проектот до Наставно-научниот совет на Факултетот заедно со резултатите произлезени од проектот, но не подоцна од 6 месеци од неговото завршување.

Наставно-научниот совет формира комисија за оценување на завршниот извештај за секој поединечно одобрен проект, составена од три члена од соодветната област на проектот, која во рок од 30 дена доставува предлог-извештај со оценка за проектот која може да биде „позитивна“, со која се прифаќа, или „негативна“, со која не се прифаќа извештајот.

Раководителот носител на проектот, како и учесник во проектот, не смее да биде член на комисија за оценување на завршниот извештај.

Наставно-научниот совет носи конечна одлука за завршниот извештај на проектот.

**Член 18**

При рецензирање и оценување на завршниот извештај, соодветно се применуваат одредбите за оценување на предлог-проектот од овој Правилник.

Покрај оценките од ставот 1 на овој член, задолжителни елементи за позитивно завршен научноистражувачки проект ќе се смета само оној проект за чие времетраење:
- ќе биде објавена или прифатена за објавување најмалку една публикација во меѓународното научно списание „Македонски ветеринарен преглед“;
- ќе биде објавена или прифатена за објавување една публикација во списание со фактор на влијание од базата на Web of Science;
- потрошените финансиски средства соодветствуваат со проектните активности наведени во предлог-проектот.

**Член 19**

Раководителот носител на проектот кој ќе има негативна оценка за завршниот извештај на научноистражувачкиот проект, нема право да аплицира и да учествува во проекти согласно со овој Правилник во следните 5 години.

Доколку потрошените финансиски средства не соодветствуваат со проектните активности наведени во предлог-проектот, односно тие се ненаменски потрошени, раководителот носител на проектот е должен ненаменски потрошените средства да ги врати на Факултетот.

**Член 20**

По доставувањето на завршните извештаи и спроведеното оценување за проектите кои биле позитивно оценети, се врши јавна презентација на резултатите од проектот пред членовите на Наставно-научниот совет, другите вработени на Факултетот и претставници од други установи.

Информацијата за датумот на јавна презентација на резултатите од проектот се

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18), Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 26.12.2018 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### Член 2

Право на апликација на научно-истражувачки проекти имаат лица избрани во наставно-научни и научни звања, вработени на Факултетот.

Во проектите можат да се вклучат и лица избрани во наставно-научни и научни звања, како и истакнати стручњаци од соодветните области од странски високообразовни, научноистражувачки установи и центри (во понатамошниот текст: установи), со цел интернационализација на проектите.

### Член 3

Средствата од член 1 се за поттикнување и помагање на научно-истражувачката дејност на Факултетот.

Висината на средствата на годишно ниво изнесува до 1. 200. 000 денари, кои опфаќаат дел од програмата на задолжителните 40 % од финансиите добиени од партиципациите на студентите согласно со членот 125 од Законот за високото образование, како и од приходите кои Факултетот ги добива по основ на самофинансирање.

Средствата од ставот 2 на овој член се наменети за научноистражувачки проекти и се третираат како фонд за научноистражувачка работа на Факултетот.

Висината на одобрените финансиски средства за финансирање на еден научноистражувачки проект не може да изнесува повеќе од 300.000 денари годишно.

Научноистражувачкиот проект може да трае најмногу до 2 (две) години.

Годишниот буџет на научно-истражувачкиот проект се распоредува соодветно на предложениот финансиски план во предлог-проектот согласно со членот 12 од овој Правилник.

### Член 4

Средствата за реализација на проекти се доделуваат за финансирање на научноистражувачки проекти на Факултетот и тие се третираат како интерни домашни проекти на Факултетот.

Меѓународни проекти во смисла на овој Правилник се оние проекти што се кофинансирани од странска партнерска установа која учествува со дополнителни средства во висина од минимум 50 % од вкупниот одобрен буџет на проектот од страна на Факултетот, се заверени во архивата на установата – странски партнер и се потпишани од раководното лице на установата.

### Член 5

Кога Факултетот е единствен носител на предложениот проект, не смеат да се користат средства од други извори на финансирање.

Раководителот на проектот доставува изјава со која потврдува дека предложениот проект не користи средства од други извори на финансирање.

**Член 6**

По исклучок на ставот 1 од членот 5, кофинансирање е можно во случај на проекти од интернационален карактер (меѓународни проекти со кофинансирање согласно со членот 4 од овој Правилник) и кога во проектот еден од партнерите е субјект од стопанството.

Во овој случај, финансиските средства доделени од Факултетот за проектот се единствено за потребите за реализација на проектните активности на истражувачкиот тим вработени на Факултетот, како и за подобрување на неговите инфраструктурни капацитети, а авторските права по завршувањето на проектот припаѓаат единствено на Факултетот.

## II. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ПРОЕКТИ

**Член 7**

Постапката за доделување на средства за реализација на научноистражувачки проекти започнува со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Со одлуката се формира конкурсна комисија составена од 5 члена, и тоа:

- еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на базичните дисциплини;
- еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на базичните дисциплини, специфични во ветеринарната медицина;
- еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на клиничките дисциплини;
- еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на дисциплините поврзани со продукција на животни;
- еден член избран во наставно-научно или научно звање од областа на дисциплините поврзани со безбедност и квалитет на храна.

Член на конкурсна комисија не може истовремено да учествува на конкурсот како раководител носител на научноистражувачкиот проект.

Конкурсната комисија објавува интерен конкурс за доделување на средства за реализација на научноистражувачки проекти, кој задолжително се објавува на огласната табла и на интернет-страницата на Факултетот.

Конкурсот трае 30 дена од денот на објавувањето.

Во конкурсот се наведуваат постапката, критериумите и висината на финансиските средства за проектите.

**Член 8**

Раководителот носител на научноистражувачкиот проект конкурира за добивање средства за реализација на проектот со доставување на пријава преку архивата на Факултетот.

Апликации за финансирање на научноистражувачки проект можат да поднесат само вработени на Факултетот кои го исполнуваат условот за раководител на научноистражувачки проект.

Раководител на научноистражувачки проект може да биде само вработен на Факултетот, избран во наставно-научно или научно звање и кој во последните пет години има објавено како автор или коавтор најмалку три научни труда во списанија со фактор на влијание или пет рецензирани научни труда во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови во Scopus или Web of Science (SCI - Science Citation Index).

Научноистражувачки работник може да биде раководител на еден научноистражувачки проект.

Раководителот носител на научноистражувачки проект конкурира за добивање средства за реализација на проектот со пополнување на пријава на македонски јазик, потпишана од раководителот носител на проектот, како и од останатите учесници во проектот, односно други установи во проектот (при кофинансирање на проекти), потпишана и заверена од одговорното лице на Факултетот.

По исклучок од став 4 од овој член, во случај на меѓународни проекти, пријавата се пополнува и на англиски јазик.

Кон пријавата од став 1 на овој член се приложува предлог-проектот, а за меѓународните проекти, како и кога во проектот еден од партнерите е субјект од стопанството, се поднесува и соодветната документација за соработка помеѓу носителот на предлог-проектот и партнерот од член 4 и член 6 на овој Правилник.

**Член 9**

Предлог за научноистражувачки проект може да се поднесува од сите научни полиња и области кои се застапени во рамките на научноистражувачкиот процес на Факултетот.

Поднесувањето на предлогот за научноистражувачки проект до Факултетот се доставува на посебен формулар кој е составен дел на овој Правилник, изработен во Анекс 1.

**Член 10**

Основни елементи на предлог-проектот се:

- наслов на предлог-проектот;
- краток опис на предлог-проектот, методологија на истражување, план, цели и очекувани резултати на предлог-проектот;
- главен истражувач, односно раководител носител на предлог-проектот;
- научно подрачје, поле и област на предлог-проектот;
- вид на истражувањето (фундаментално, развојно, применето);
- траење на предлог-проектот;
- финансиска конструкција на чинење на предлог-проектот;
- адреса (институт/катедра/центар) на носителот на предлог-проектот;
- место и датум на поднесување на пријавата;
- други установи учесници во истражувањето (за проекти со кофинансирање).

За проектите со кофинансирање, согласно со членот 4 и членот 6 од овој Правилник, покрај наведените основни елементи од овој член, потребно е да се приложи одлука од наставно-научниот совет или управата на соодветната установа за интересот за учество во научноистражувачкиот проект.

**Член 11**

Бројот на научноистражувачките работници кои се составен дел на истражувачкиот тим на проектот не може да биде помал од 5 (пет) учесници од Факултетот.

Во реализација на проектот учествуваат:

- главен истражувач со наставно-научно звање, односно научно звање кој е вработен на Факултетот и кој е носител на проектот;
- најмалку еден истражувач/соработник во проектот со наставно-научно звање, односно научно звање кој е вработен на Факултетот;
- најмалку двајца млади истражувачи во проектот, со или без соработничко звање, вработени на Факултетот;
- најмалку еден студент запишан и на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот со освоени најмалку 180 кредити или студент на трет циклус студии запишан на студиските програми на Факултетот.

Во реализација на проектот можат да бидат вклучени и:

- помошно-технички персонал, лаборанти и сл.;
- административен персонал.

Во истражувачкиот тим можат да бидат вклучени научноистражувачки работници од други истражувачки единици надвор од Факултетот (од земјата и од странство), при што нивниот број не може да биде поголем од 2 (двајца) истражувачи.

**Член 12**

Финансиската конструкција на проектот ја сочинуваат трошоците за:

- материјали (хемикалии, реагенси, китови и др.) и ситен лабораториски инвентар до 40 % од буџетот на проектот;
- набавка на опрема до 60 % од буџетот на проектот;
- патни и дневни трошоци во земјата до 30 % од буџетот на проектот;
- патни и дневни трошоци во странство до 20 % (за меѓународни проекти со

кофинансирање согласно со членот 4 и членот 6 од овој Правилник) од буџетот на проектот;
- договорни услуги до 30 % од буџетот на проектот;
- набавка на литература до 10 % од буџетот на проектот.

Финансиските средства од ставот 1 на овој член се единствено за потребите и за истражувачкиот тим од вработените на Факултетот.

Раководителот носител на проект потпишува изјава за наменско трошење на средствата согласно со предвидениот финансов план во предлог-проектот.

**Член 13**

Предлог-проектите се рецензираат од страна на три рецензенти, избрани од Наставно-научниот совет на Факултетот.

Рецензентите се од иста или сродна научна област од областа на истражување на предлог-проектите.

Соодветноста и сродноста од став 2 на овој член се утврдуваат од Наставно-научниот совет.

Рецензент на проект не смее истовремено да биде лице кое е дел од истражувачкиот тим на проектот.

**Член 14**

Рецензентите ги оценуваат предлог-проектите врз основа на следниве критериуми:
- придонесот во продлабочувањето и проширувањето на научните знаења;
- оригиналноста на целите и содржината на истражувањето;
- компетентноста на главниот истражувач;
- компетентноста на истражувачкиот тим;
- вклученоста и придонесот во оспособувањето на млади истражувачи;
- релевантноста на проектот во однос на утврдените цели;
- исполнетоста на материјално-техничките и други услови за реализација на проектот;
- релевантноста и конкурентноста на проектот за меѓународна соработка;
- остварливоста на предлог-проектот (финансиска конструкција, можности за примена на резултатите и сл.);
- реалноста на планираното време за реализација на проектот.

Секој од наведените елементи од став 1 на овој член за оценување, независните рецензенти ги вреднуваат со оценка од еден (1) до пет (5). Проектот е позитивно оценет доколку добил средна оценка најмалку три запирка пет (3,5).

**Член 15**

Рецензентите поднесуваат реферат во писмена форма на македонски јазик во рок од 30 дена од денот на доставувањето на предлог-проектот.

Рефератот содржи предлог со средна оценка за избор на проектот или предлог со средна оценка да не се избере проектот.

Доколку рецензентите не поднесат реферат во рокот утврден во став 1 на овој член, Наставно-научниот совет избира нови рецензенти со променет состав.

Доколку еден рецензент не го потпише рефератот или не даде издвоено мислење, не може да биде избран за рецензент на проекти во наредните 3 години.

**Член 16**

Рефератот во писмена форма се доставува до конкурсната комисија, која, согласно со оценките на рецензентите, прави ранг-листа на позитивно оценетите проекти и неа, заедно со рефератот, ја доставува до Наставно-научниот совет на првата наредна седница.

Конечната одлука за бројот на прифатени проекти ја носи Наставно-научниот совет, согласно со висината на средствата наведени во членот 3 од овој Правилник, со која се утврдува начинот на користење на средствата како основен елемент за оправдување на искористените средства.

Доколку повеќето прифатени проекти од ранг-листата имаат иста средна оценка, конкурсната комисија доставува предлог до Наставно-научниот совет за рамномерна распределба на проектите по наставни дисциплини, и тоа:
- еден проект од базичните наставни дисциплини;

- еден проект од претклиничките наставни дисциплини;
- еден проект од клиничките наставни дисциплини;
- еден проект од дисциплините за безбедност и квалитет на храна.

Предност ќе имаат проектите во кои главниот истражувач носител на проектот има поголем број на реализирани проекти и поголем број на објавени трудови со фактор на влијание од базата на Web of Science во последните 5 години.

Раководителот на прифатениот проект потпишува договор со Факултетот за регулирање на правата и обврските за негова реализација.

## III. ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА ПРОЕКТОТ

**Член 17**

Во текот на реализацијата на проектот, раководителот носител на проектот е должен да достави годишен извештај за реализацијата на проектот и завршен извештај до Наставно-научниот совет на Факултетот.

Извештаите од ставот 1 на овој член содржат информации за текот на проектните активности и информации поврзани со финансирањето на проектот, а обрасците се Анекс 2 од овој Правилник.

Негативно оценет годишен извештај повлекува прекинување на проектот.

Завршниот извештај се доставува од страна на раководителот носител на проектот до Наставно-научниот совет на Факултетот заедно со резултатите произлезени од проектот, но не подоцна од 6 месеци од неговото завршување.

Наставно-научниот совет формира комисија за оценување на завршниот извештај за секој поединечно одобрен проект, составена од три члена од соодветната област на проектот, која во рок од 30 дена доставува предлог-извештај со оценка за проектот која може да биде „позитивна", со која се прифаќа, или „негативна", со која не се прифаќа извештајот.

Раководителот носител на проектот, како и учесник во проектот, не смее да биде член на комисија за оценување на завршниот извештај.

Наставно-научниот совет носи конечна одлука за завршниот извештај на проектот.

**Член 18**

При рецензирање и оценување на завршниот извештај, соодветно се применуваат одредбите за оценување на предлог-проектот од овој Правилник.

Покрај оценките од ставот 1 на овој член, задолжителни елементи за позитивно завршен научноистражувачки проект ќе се смета само оној проект за чие времетраење:

- ќе биде објавена или прифатена за објавување најмалку една публикација во меѓународното научно списание „Македонски ветеринарен преглед";
- ќе биде објавена или прифатена за објавување една публикација во списание со фактор на влијание од базата на Web of Science;
- потрошените финансиски средства соодветствуваат со проектните активности наведени во предлог-проектот.

**Член 19**

Раководителот носител на проектот кој ќе има негативна оценка за завршниот извештај на научноистражувачкиот проект, нема право да аплицира и да учествува во проекти согласно со овој Правилник во следните 5 години.

Доколку потрошените финансиски средства не соодветствуваат со проектните активности наведени во предлог-проектот, односно тие се ненаменски потрошени, раководителот носител на проектот е должен ненаменски потрошените средства да ги врати на Факултетот.

**Член 20**

По доставувањето на завршните извештаи и спроведеното оценување за проектите кои биле позитивно оценети, се врши јавна презентација на резултатите од проектот пред членовите на Наставно-научниот совет, другите вработени на Факултетот и претставници од други установи.

Информацијата за датумот на јавна презентација на резултатите од проектот се

огласува на интернет-страницата на Факултетот.

**Член 21**

На раководителот носител на проектот кој ќе има позитивна оценка за завршниот извештај и ќе има објавено најмалку две публикации во списание со фактор на влијание од базата на Web of Science за времетраењето, односно најдоцна до една година од завршувањето на проектот, му следува финансиска поддршка во вид на авторски хонорар во висина до 10 % од вкупната вредност на проектот.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во *Универзитетски гласник*.

**Декан**
**Проф. д-р Лазо Пендовски, с.р.**

АНЕКС 1

## ПРЕДЛОГ-ПРИЈАВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ:**

**ВИД НА ПРОЕКТОТ:** **домашен** **меѓународен**

**НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ:**

**НАУЧНА ОБЛАСТ:**

**ВИД НА ИСТРАЖУВАЊЕ:** **фундаментално** **применето** **развојно**

**ГЛАВЕН ИСТРАЖУВАЧ:**

**ИНСТИТУ-ЦИЈА:** Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

**ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ УЧЕСНИЦИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО**:
***(се пополнува при меѓународни проекти и проекти во кои учествуваат други установи)***
**ТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ:** **од:** **до:**
**ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ *(во денари)*:**
**а) за првата година**

**б) за целиот период**

**АДРЕСА НА ПРЕДЛАГАЧОТ:**
**Ул. „Лазар Поп Трајков“ бр. 5/7 Скопје - 1000**

**телефон:+3982 3240 700** **телефакс: +3892 3114 619**
**ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ:**
**ГЛАВЕН ИСТРАЖУВАЧ:** **ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА УСТАНОВАТА**

**1. КРАТКА СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ *(до 450 збора)*:**

а) на македонски јазик

| |
|---|
| |

б) на англиски јазик

| |
|---|
| |

**2. КЛУЧНИ ЗБОРОВИ *(до 5 клучни збора)*:**

а) на македонски јазик:
б) на англиски јазик:

**3. ОПИС НА ПРОЕКТОТ *(максимум 2 страници)*:**

а) на македонски јазик

| |
|---|
| |

б) на англиски јазик

| |
|---|
| |

**4. ЦЕЛИ НА ПРЕДЛОЖЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ** ***(максимум 1 страница)*****:**

а) на македонски јазик

б) на англиски јазик

**5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ***(максимум 1 страница)*****:**

а) на македонски јазик

б) на англиски јазик

**7. ПЛАН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО *(максимум 1 страница)*:**

а) на македонски јазик

б) на англиски јазик

**8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СЕКОЈА ФАЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО *(максимум 1 страница)*:**

а) на македонски јазик

б) на англиски јазик

**9. КОРИСНИЦИ НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ РЕЗУЛТАТИ, НАЧИН НА ПРЕНЕСУВАЊЕ И НИВНА ПРИМЕНА**

***(максимум 1 страница)*:**

**9. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ** ***(максимум 1 страница)*:**

| |
|---|
| |

**10. МЕЃУНАРОДНА ДИМЕНЗИЈА НА ПРОЕКТОТ** ***(максимум 1 страница)*:**

| |
|---|
| |

---

**ГЛАВЕН ИСТРАЖУВАЧ - ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА ПРОЕКТОТ:**

Име и презиме:
Научно/наставно-научно звање:
Установа:

АКАДЕМСКИ КВАЛИФИКАЦИИ:

*Список на објавени трудови со фактор на влијание во последните 5 години и учество во (раководење со) проекти во последните 5 години (да се подготви хронолошки)*:

Список на објавени трудови со фактор на влијание:
**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**
Истражувачки проекти:
**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**
**Кратка биографија *(до 450 збора)*:**

| |
|---|
| |

Поблизок опис на истражувачките активности во рамките на проектот:

| |
|---|
| |

______________________________

***(своерачен потпис на главниот истражувач)***

СОРАБОТНИК ИСТРАЖУВАЧ НА ПРОЕКТОТ*:

Име и презиме:
Научно/наставно-научно звање:
Установа:

АКАДЕМСКИ КВАЛИФИКАЦИИ:

*Список на објавени трудови со фактор на влијание во последните 5 години и учество во (раководење со) проекти во последните 5 години (да се подготви хронолошки)***:**

Список на објавени трудови со фактор на влијание:

**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**

Истражувачки проекти:

**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**

**Кратка биографија *(до 450 збора)*:**

| |
|---|
| |

Поблизок опис на истражувачките активности во рамките на проектот:

| |
|---|
| |

______________________

***(своерачен потпис на соработникот истражувач)***

**Ископирајте ја оваа страница доколку во проектот има вклучено повеќе истражувачи.*

**СОРАБОТНИК ИСТРАЖУВАЧ НА ПРОЕКТОТ*:**

Име и презиме:
Научно/наставно-научно звање:
Установа:

**АКАДЕМСКИ КВАЛИФИКАЦИИ:**

*Список на објавени трудови со фактор на влијание во последните 5 години и учество во (раководење со) проекти во последните 5 години (да се подготви хронолошки)***:**

Список на објавени трудови со фактор на влијание:

**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**

Истражувачки проекти:

**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**

**Кратка биографија*(до 450 збора)*:**

| |
|---|
| |

Поблизок опис на истражувачките активности во рамките на проектот:

| |
|---|
| |

***(своерачен потпис на соработникот истражувач)***

**Ископирајте ја оваа страница доколку во проектот има вклучено повеќе истражувачи.*

СОРАБОТНИК МЛАД ИСТРАЖУВАЧ НА ПРОЕКТОТ*:

Име и презиме:
Научно/наставно-научно звање:
Установа:

АКАДЕМСКИ КВАЛИФИКАЦИИ:

*Список на објавени трудови со фактор на влијание во последните 5 години и учество во (раководење со) проекти во последните 5 години (да се подготви хронолошки)*:

Список на објавени трудови со фактор на влијание:

**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**

Истражувачки проекти:

**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**

**Кратка биографија *(до 450 збора)*:**

| |
|---|
| |

Поблизок опис на истражувачките активности во рамките на проектот:

| |
|---|
| |

___________________________

***(своерачен потпис на соработникот истражувач)***

**Ископирајте ја оваа страница доколку во проектот има вклучено повеќе истражувачи.*

СОРАБОТНИК МЛАД ИСТРАЖУВАЧ НА ПРОЕКТОТ*:

Име и презиме:
Научно/наставно-научно звање:
Установа:

АКАДЕМСКИ КВАЛИФИКАЦИИ:

*Список на објавени трудови со фактор на влијание во последните 5 години и учество во (раководење со) проекти во последните 5 години (да се подготви хронолошки)*:

Список на објавени трудови со фактор на влијание:

**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**

Истражувачки проекти:

**1.**
**2.**
**3.**
**4.**
**5.**

**Кратка биографија*(до 450 збора)*:**

| |
|---|
| |

Поблизок опис на истражувачките активности во рамките на проектот:

| |
|---|
| |

______________________________

***(своерачен потпис на соработникот истражувач)***

**Ископирајте ја оваа страница доколку во проектот има вклучено повеќе истражувачи*

СТУДЕНТ ВО ПРОЕКТОТ*:

Име и презиме:
Година на студии:
Просечен успех на студии:

**Кратка биографија *(до 450 збора)*:**

| |
|---|
| |

***(своерачен потпис на студентот)***

**Ископирајте ја оваа страница доколку во проектот има вклучено повеќе истражувачи.*

ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ

**а) Ангажираност на истражувачите *(во број на месеци)*:**

| **Име и презиме:** | **Прва година (*месеци*)** | **Втора година (*месеци*)** | **ВКУПНО МЕСЕЦИ** |
|---|---|---|---|
| **Главен истражувач:** | | | |
| | | | |
| **Соработници истражувачи:** | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Соработници млади истражувачи:** | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Студент:** | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| ***Партнерска институција:** | | | |
| | | | |
| | | | |
| **ВКУПНО:** | | | |

**Се пополнува кај интернационални проекти со кофинансирање, односно кога партнерот е стопански субје*

б)Непосредни материјални трошоци (*во денари*):

| Ставки Потставки | **Н А М Е Н А** | Прва година | Втора година | ВКУПНО за 2 години |
|---|---|---|---|---|
| **420** | **ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| 420120 | Патување во земјата – патни расходи | | | |
| 420130 | Патување во земјата – сместување | | | |
| 420210 | Патување во странство – | | | |
| 420220 | Патување во странство – патни расходи | | | |
| 420230 | Патување во странство – сместување | | | |
| **423** | **СИТЕН ИНВЕНТАР, АЛАТИ** | | | |
| 423110 | Канцелариски материјали | | | |
| 423810 | Ситен инвентар | | | |
| 423990 | Други материјали | | | |
| **425** | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | | |
| 425930 | Научно истражување | | | |
| **483** | **КУПУВАЊЕ МЕБЕЛ, ОПРЕМА и сл.** | | | |
| 483230 | Купување лабораториска и научноистражувачка опрема | | | |
| 483240 | Купување информатичка и видеоопрема | | | |
| 483290 | Купување на друга опрема | | | |
| **485** | **ВЛОЖУВАЊА И НЕФИНАНСИСКИ** | | | |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | | | |

ЦЕНА НА ПРОЕКТОТ ПО ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА:

| ИЗВОРИ НА | ПРВА | ВТОРА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Факултет за ветеринарна медицина** | | | |
| *ДРУГИ ИЗВОРИ | | | |
| **Учество од други институции** | | | |
| **Учество од меѓународни институции** | | | |
| **ВКУПНО:** | | | |

**Се пополнува кај интернационални проекти со кофинансирање, односно кога партнерот е стопански субјект.*

СОГЛАСНОСТ ОД ДРУГИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОД ЗЕМЈАТА И ОД СТРАНСТВО, УЧЕСНИЦИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО:* ИНСТИТУЦИЈА:

- Одговорно лице на институцијата:
- Потпис на одговорното лице на институцијата и печат:____________________

ИНСТИТУЦИЈА:

- Одговорно лице на институцијата:
- Потпис на одговорното лице на институцијата и печат:____________________

ИНСТИТУЦИЈА:

- Одговорно лице на институцијата:
- Потпис на одговорното лице на институцијата и печат:____________________

АНЕКС 2

**ОБ-01**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

*(наслов на проектот)*

**I. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ**

**II. ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ**

| **Ставки Потставки** | **Н А М Е Н А** | **Период од _______20___ до _______20___** |
|---|---|---|
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | |
| **420** | **ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ** | |
| 423110 | Канцелариски материјали | |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | |
| 423810 | Ситен инвентар | |
| 423990 | Други материјали | |
| **423** | **СИТЕН ИНВЕНТАР, АЛАТ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОПРАВКА** | |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | |
| 425930 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) | |
| **425** | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | |
| 483230 | Купување на лабораториска и научноистражувачка опрема | |
| 483240 | Купување на информатичка и видеоопрема | |
| 483290 | Купување на друга опрема | |
| **483** | **КУПУВАЊЕ МЕБЕЛ, ОПРЕМА, ВОЗИЛА И МАШИНИ** | |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | |
| **485** | **ВЛОЖУВАЊА И НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | |
| | **ВКУПНО** | |

Раководител на проектот

_________________________

**ОБ-02**

## ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

*(наслов на проектот)*

**I. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ**

1. Опис на активностите на проектот
2. Опис на користена методологија на истражувањето во проектот
3. Добиени резултати од проектот и нивна примена
4. Меѓународна димензија на добиените резултати од проектот

## I. ОБЈАВЕНИ ПУБЛИКАЦИИ

1. Објавен или прифатен за објавување труд во меѓународното научно списание „Македонски ветеринарен преглед", со наслов:

_______________________________________________

2. Објавен или прифатен за објавување труд во списание со фактор на влијание од базата на Web of Science, со наслов:

_______________________________________________

Списание (*година, волумен, број на страници*):________________________________

## II. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

| Ставки Потставки | Н А М Е Н А | Прва година | Втора година | Вкупно за две години |
|---|---|---|---|---|
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | | | |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | | | |
| **420** | **ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| 423110 | Канцелариски материјали | | | |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | | | |
| 423810 | Ситен инвентар | | | |
| 423990 | Други материјали | | | |
| **423** | **СИТЕН ИНВЕНТАР, АЛАТ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОПРАВКА** | | | |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | | |
| 425930 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) | | | |
| **425** | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | |
| 483230 | Купување на лабораториска и научноистражувачка опрема | | | |
| 483240 | Купување на информатичка и видеоопрема | | | |
| 483290 | Купување на друга опрема | | | |
| **483** | **КУПУВАЊЕ МЕБЕЛ, ОПРЕМА, ВОЗИЛА И МАШИНИ** | | | |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | | | |
| **485** | **ВЛОЖУВАЊА И НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | | |
| | **ВКУПНО** | | | |

Раководител на проектот

_______________________